Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, 1000 Скопје, Република Македонија, поштенски фах 428
www.manu.edu.mk
email: manu@manu.edu.mk
тел: +389 2 32 35 400 факс: +389 2 32 35 500

Бр.

Научен собир

„АСНОМ И МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА''

Собирот се организира по повод седумдесетгодишнината од одржувањето на заседанието на АСНОМ

Скопје, 21 ноември 2014 година

Македонската академија на науките и уметностите и Институтот за национална историја организираат Научен собир со наслов „АСНОМ И МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА'' што ќе се одржи во Скопје на 21 ноември 2014 година.

Ценејќи го научниот придонес и интересот за оваа проблематика, Организациониот одбор очекува самите научни работници и истражувачи да се определат за некоја од наведените или блиски теми и пријавата да ни ја испратат најдоцна до 15 септември 2014 година на е-пошта: mantovska@manu.edu.mk заедно со резиме до 400 зборови. Одборот има намера благовремено да ги објави резимеата од пријавените реферати.

По одржувањето на Научниот собир изнесените реферати ќе бидат објавени во посебен зборник. Целата верзија на трудовите треба да биде лекторирана, во формат Word и да се достави на е-пошта: mantovska@manu.edu.mk.

Очекувајќи го Вашиот одзив, Организациониот одбор Ви благодари за соработката и за придонесот.

П р е т с е д а т е л
на Одборот за научен собир

акад. Владо Камбовски

ПРИЛОГ

## Тези на научниот собир:

1. МОТИВИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА ОПРЕДЕЛБА ЗА САМОСТОЈНОСТ И СОПСТВЕНА ДРЖАВНОСТ ДО АСНОМ
2. АСНОМ-КОНТИНУИТЕТ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВНОСТ
3. ОД АСНОМ/НРМ/СРМ ДО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
4. ЗНАЧЕЊЕТО НА АВНОЈСКИТЕ И АСНОМСКИТЕ ОДЛУКИ ЗА КОНСТИТУИРАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО НЕЗАВИСНА И САМОСТОЈНА ДРЖАВА ПО 1991 ГОДИНА
5. РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ДРЖАВНОСТА ОД НАЦИОНАЛЕН ВО ГРАЃАНСКИ МОДЕЛ
6. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС И ИНТЕРПРЕТИРАЊЕТО НА АСНОМ-1944
7. НОВИОТ ПОРЕДОК ВО СВЕТОТ И ЕВРОПА И ДРЖАВНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
8. АСНОМ – ПОГЛЕД ОД НАДВОР